РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

До Државната комисија за спречување на корупцијата доставено е Барање за мислење во однос на тоа дали постои законска пречка во ситуација кога се извршува должноста претседател на ОИК, а негово блиско лице (брат) е кандидат за градоначалник на истата општина.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 72 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на РМ", бр. 12/19), го издаде следново:

## М И С Л Е Њ Е

Државната комисија извести дека ситуацијата наведна во барањето за мислење не е конкретно уредена со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, односно не постојат одредби кои ја забранува или ограничува истата.

Анализирајќи ги надлежностите од член 37 од Изборниот законик кои се однесуваат на Општинските изборни комисии и Изборната комисија на градот Скопје, особено на ставот 4 од истиот член кој се однесува на надлежностите на комисиите при спроведување на локални избори, како и поради објективност и принципиелност во постапувањето и вршењето на задачите кои се предмет на извршување на Општинска изборна комисија, Државната комисија смета дека во овој случај постои потенцијален судир на интереси.

Од тој аспект, Државната комисија препорача да се побара изземање од споменатата функција заради спречување на можни сомневања за непристрасно исполнување на законските обврски.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk